РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1834/4
15-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава бр 12-1834/1 од 25.06.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје каде постапката е во тек.

Предметот со број 12-1834/1 од 25.06.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 25.06.2024 година доставена е пријава против Државниот правобранител на Република Северна Македонија ----- ---- од Охрид, во која се изнесени наводи со сомнение за злоупотреба на службената положба и овластување заради непостапување и прикривање на кривични дела, по што ДКСК оформи предмет број 12-1834/1 од 25.06.2024 година.

Дополнитено во доставеното известување наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување и до други надлежни органи меѓу кои и до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија за спречување на корупцијата достави барање до Јавното обвинителство на РСМ за прибирање на податоци и информации дали до обвинителството е поднесена пријава со исти или слични наводи и доколку има, дали е оформен предмет и во која фаза се наоѓа постапувањето, со достава на прилог документација на коипија од евентуално донесена јавно обвинителска одлука или друг акт од надлежност на горе наведеното јавно обвинителство.

Од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија добиен е одговор каде е наведено дека во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, по доставена анонимна пријава против ----- ---- од Охрид Државен правобранител на Република Северна Македонија, а во која биле изнесени наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик, бил оформен предмет со број РО бр.150/24 и по разгледување на истата како и доставените прилози од страна на ЈО со допис РО бр.150/24 од 18.07.2024 година списите од предметот се доставени на надлежност на Основното јавно обвинителство-Скопје.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство Скопје кој тековно постапува и се уште не е донесена Јавно обвинителска одлука.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk